**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-52/10**
**Скопје, 21.04.2026 година**

**ЗАПИСНИК**
**од четириесет и трета седница одржана на 21.04.2026 година**

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на четириесет и третата седница на Советот, по што го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид
2. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Дебар
3. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево
4. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш
5. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кочани
6. Разно.

Предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Пред да се премине на точката еден од дневниот ред, членот на Советот г-дин Ермон Незири зема збор како координатор за подрачјето на ВЈО Штип и предложи согласно член 9 став 11 од Законот за Советот на јавните обвинители, дневниот ред да биде дополнет со уште една точка и тоа: Донесување на одлука за промена на одлуката за утврдување на бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства и тоа во однос на подрачјето на ВЈО Штип, а би се однесувало на ВЈО Штип, ОЈО Кочани и ОЈО Штип.

Предлогот на членот на Советот г-дин Ермон Незири беше ставен на гласање од страна на Претседателот на Советот.

Од страна на членовите на Советот предлогот за дополнување на дневниот ред едногласно беше усвоен.

Под точка еден од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на досегашниот шеф на ОЈО Охрид мандатот му истекува на 14.07.2026 година. Од тие причини кажа дека Советот треба да донесе одлука за распишување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што се донесе следниот:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид.**

Под точка два од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на досегашниот шеф на ОЈО Дебар мандатот му истекува на 14.07.2026 година. Од тие причини Советот треба да донесе одлука за распишување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Дебар.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што се донесе следниот:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Дебар.**

Под точката три од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека и за ОЈО Кичево треба да се донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево, поради истек на мандат.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што се донесе следниот:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево.**

Под точка четири од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека и за ОЈО Радовиш треба да се донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што се донесе следниот:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш.**

Под точка пет од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека и за ОЈО Кочани е потребно да се донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кочани.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што се донесе следниот:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кочани.**

Под точка шест од дневниот ред, збор зема г-дин Ермон Незири кој кажа дека Советот има добиено известување од 29.01.2026 година од страна на ВЈО на ВЈО Штип за бројот на јавни обвинители од подрачјето на ВЈО Штип. Кажа дека од страна на ВЈО на ВЈО Штип било наведено за секое јавно обвинителство колку има јавни обвинители и колку недостасуваат согласно предвидената систематизација. Воедно смета дека е потребно систематизацијата за бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства во ОЈО Штип да се прошири за едно јавнообвинителско место, за да може приливот на предмети кој сега е на високо ниво да биде во целост исполнет, односно совладан. Согласно новиот Закон за АСЈО би било корисно и практично систематизацијата во ова јавно обвинителство да биде проширена за едно место. Кажа дека истата ситуација се однесува и за ОЈО Кочани, по што предложи исто така да се прошири за едно јавнообвинителско место и аналогно на тоа доколку се прошири систематизацијата во овие два основни обвинителства, предложи систематизацијата да се прошири и во ВЈО Штип за две јавнообвинителски места. Наведе дека со моменталната систематизација предвидено е Виш јавен обвинител на ВЈО Штип и пет јавни обвинители во ВЈО Штип. Кажа доколку се види бројката на останатите ВЈО, може да се заклучи дека секаде систематизацијата во ВЈО е Виш јавен обвинител и седум јавни обвинители, освен ВЈО Скопје како најголемо подрачје. Воедно кажа доколку Советот донесе ваква одлука во иднина би имало систематизација која ќе може да одговори на сите предизвици.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека се согласува со предлогот на колегата Ермон Незири, смета дека со оглед на надлежностите на Советот согласно Законот за Советот на јавните обвинители и Законот за јавното обвинителство, Советот е тој што ја определува бројката на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства. Нагласи дека со новиот Закон за АСЈО предвидено е да има конкурс на кандидати за слушатели на АСЈО согласно апелационите подрачја со што ќе се придонесе кандидатите од тие подрачја каде што има потреба од јавни обвинители да се јават за слушатели во АСЈО. Воедно предложи Советот да упати апел до АСЈО да се започне со обука на нова генерација и да се преземат сите законски надлежности од страна на АСЈО за да се забрза процесот за почетната обука на идните судии и јавни обвинители и го поддржа предлогот на колегата Ермон Незири и кажа дека ќе гласа позитивно за истиот.

Откако друг никој не зема збор, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање предлогот на членот на Советот г-дин Ермин Незири за донесување на одлука за измена на одлуката за определување на бројот на јавните обвинители на јавните обвинителства и бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства и тоа во ВЈО Штип за двајца јавни обвинители, во Основното јавно обвинителство Штип за еден јавен обвинител и во Основното јавно обвинителство Кочани за еден јавен обвинител, по што предлогот беше едногласно усвоен и се донесе следниот:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за измена на одлуката за определување на бројот на јавните обвинители на јавните обвинителства и бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства така што се зголемува бројот на јавните обвинители и тоа: во ВЈО Штип за двајца јавни обвинители, во Основното јавно обвинителство Штип за еден јавен обвинител и во Основното јавно обвинителство Кочани за еден јавен обвинител.**

Под точка разно од дневниот дневниот ред, г-ѓа Марјана Илиеска ги запозна членовите на Советот со содржината на поднесок-претставка доставен до Советот од страна на

Здружението на граѓани "16 март 2025 година Кочани", со кое се изразува незадоволство во врска со неизборот на јавниот Ивана Трајчева во ОЈО ГОКК Скопје, а која постапувала во случајот "ПУЛС". Предложи претставката да се презаведе во уписник РО и препрати до ЈОРСМ на понатамошно постапување.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека во конкретниот случај ЈОРСМ има дадено соопштение и смета дека предлогот на колешката, претставката да се препрати до ЈОРСМ е прифатлив. Воедно кажа дека треба и предлагачот на претставката да биде информиран за постапувањето на СЈОРСМ.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека станува збор за допис кој е доставен до Советот, па Советот би требало да даде известување до странката поточно до подносителот на претставката. Додаде дека Советот ги избира обвинителите, особено што по изминат мандат се распишува оглас за избор на јавни обвинители. Советот донесе одлука за избор на нови јавни обвинители во ОЈО ГОКК и не постои законска можност да ги преиспитува своите одлуки. По однос на прашањето за враќање на посочениот јавен обвинител да постапува во конкретниот предметот, кажа дека Советот нема надлежност по ова прашање.

Под точка разно од дневниот ред никој не зема збор, по што претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи четириесет и третата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Башким Бесими**